АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr 08-699/1
09 07 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До**
Субјектите на пазарот на осигурување кои вршат работи на осигурување, застапување и/или посредување во осигурување на живот

**Предмет:** Циркуларен допис во врска со списокот на индиректни субјекти согласно Упатството за вршење на проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам за субјектите под надзор на Агенцијата за супервизија на осигурување

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членовите 158-б став (1) точка 1 и точка 10 член 153 и член 159 став (1) од Законот за супервизија на осигурување,Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) како дел од своето вонтеренско следење на субјектите на осигурителниот пазар, а во согласност со член 1 став (2) и (3), како и член 23 став (14) од Упатството за вршење на проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам за субјектите под надзор на Агенцијата, во прилог ви доставува Список - табели на субјекти и индиректни субјекти од аспект на критериумот - процентуално учество на БПП за животно осигурување во вкупната БПП на друштвото со состојба 31.12.2025 година, **со цел соодветно спроведување на мерките кои се преземаат за спречување на перење пари и финансирање тероризам, согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/22 и бр. 208/24) и согласно Упатството за вршење на проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам за субјектите под надзор на Агенцијата за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.261/23).

За таа цел, потребно е сите субјекти/индиректни субјекти на пазарот на осигурување кои вршат работи на осигурување, застапување и/или посредување во осигурување на живот, во рок од еден месец од добивање на овој допис и Списокот во прилог, да ги ажурираат договорите за соработка и да ги почитуваат обврските од Упатството и Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти**
**м-р Ели Дракуловска**

**Професионално ангажирани членови на Советот на експерти**
**Согласни:** м-р Александра Дранговска
м-р Горан Здравковски

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

| СУБЈЕКТИ | |
|---|---|
| 1 | ВФП |
| 2 | БРОЛИНС |
| 3 | ИУТЕ САФЕ |
| 4 | ВИНЕРС ГРУП |
| 5 | СМАРТ МАНИ СОЛУШНС |
| 6 | ГРЕКО ИНТЕРНАЦИОНАЛ |
| 7 | ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ |

| ИНДИРЕКТНИ СУБЈЕКТИ | | | |
|---|---|---|---|
| осигурително брокерски друштва | | друштва за застапување во осигурување | |
| 1 | ИН-БРОКЕР | 1 | АКТИВА |
| 2 | МЕГА БРОКЕР | 2 | ТРЕНД МР |
| 3 | ВЕБЕР ГМА | 3 | САФЕ ЛИФЕ |
| 4 | МИНТ ИНС АД Скопје | 4 | ПРОТЕКТОР |
| 5 | АМ БРОКЕР | 5 | ВАШ ПРИЈАТЕЛ |
| 6 | НАШЕ ОСИГУРУВАЊЕ | 6 | МОЕ ОСИГУРУВАЊЕ |
| 7 | МОБИЛИТИ БРОКЕР | 7 | ИНВЕСТ ПОЛИСА |
| 8 | ЕУРОМАК | 8 | ЛАЈОН ИНС |
| 9 | ПРЕМИУМ ИНШУРЕНС | 9 | ФОРТИС ПРО |
| 10 | НОБ НЕЗАВИСЕН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР | 10 | ПРВА ЗАСТАПНИЧКА АГЕНЦИЈА |
| 11 | ПОЛИСА ПЛУС | | |
| 12 | ВЕГА ОСИГУРУВАЊЕ | | |
| 13 | ОНЕ БРОКЕР | | |
| 14 | РИЗИКО ОСИГУРУВАЊЕ | | |
| 15 | ДЕЛТА ИНС БРОКЕР | | |
| 16 | М БРОКЕР | | |
| 17 | ЏОКЕР ИНС БРОКЕР | | |
| 18 | СЕДА-БРОКЕР | | |
| 19 | ФЛЕКС БРОКЕР | | |
| 20 | МАК ТРЕНД БРОКЕР | | |
| 21 | МАКОАС БРОКЕР | | |
| 22 | ЛЕГРА | | |
| 23 | АСУЦ БРОКЕР | | |
| 24 | ЦЕРТУС | | |
| 25 | ОБД ИНКО АД Скопје | | |
| 26 | ГАП ОСИГУРУВАЊЕ | | |
| 27 | ЕУРО ЕКСПЕРТС | | |
| 28 | АЛФА БРОКЕР | | |
| 29 | ЈДБ БРОКЕР | | |
| 30 | КОРАБ ИНС | | |